# *Универзитетски гласник*

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

## СОДРЖИНА

**О Д Л У К А** за начинот на реализација на дејностите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на ширење на болеста CoVid-19.......................................................................... 2

Врз основа на Одлуката бр.02-461/1 од 24.3.2020 година на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, на вонредната седница одржана на 31.3.2020 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за начинот на реализација на дејностите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на ширење на болеста CoVid-19**

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на реализација на дејностите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на ширење на болеста CoVid-19, односно на вирусот SARS-COV-2.

Мерки на надлежните органи во Република Северна Македонија, согласно со оваа Одлука, се вонредна и кризна состојба, како и други мерки за заштита на населението од ширење на болеста COVID-19 (во натамошниот текст: мерки).

**Настава**

**Член 2**

Согласно со член 25 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии од прв и втор циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставата се изведува преку:

- предавања;
- вежби;
- консултации;
- семинарски работи, домашни задачи, проекти, практика, теренска настава, клиничка настава, курсеви и слично.

Согласно со предвидените мерки, контакт-часовите (предавања, вежби, давање и прием на семинарски работи и проектни задачи и консултации) во летниот семестар од академската 2019/2020 година ќе продолжат да се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација.

Се повлекува Планот за реализација на теренската настава во летниот семестар од академската 2019/2020 година и зимски семестар од академската 2020/2021 година (Одлука бр. 02-63/2 донесена на првата седница на ННС одржана на 3.2.2020 година).

Теренската настава во летниот семестар од академската 2019/2020 година ќе се реализира доколку за тоа се создадат услови.

Одлука за исполнетост на условите за реализирање на теренската настава ќе се донесе на седница на ННС најдоцна до 20.5.2020 година.

Доколку се создадат услови за реализирање на теренската настава, деканот на Факултетот ќе изготви план најдоцна до 22.5.2020 година за предметите во летниот семестар од учебната 2019/2020 година. Во таков случај, теренската настава треба да започне од 26.5.2020, а ќе заврши надоцна до 15.6.2020 година.

Доколку, пак, не се создадат услови да започне реализирањето на теренската настава од 26.5.2020 година и таа да заврши најдоцна до 15.6.2020 година, во летниот семестар од академската 2019/2020 година, теренската настава нема да се изведе, а за оваа генерација студенти ќе се смета дека е изведена.

**Средства за електронска комуникација**

**Член 3**

Средства за електронска комуникација, во смисла на оваа Одлука, се средства кои обезбедуваат двонасочна комуникација при реализација на активности од дејностите на Факултетот без заедничко физичко присуство на учесниците во активноста.

За електронска комуникација можат да се користат видеоконференциски платформи, електронски прашалници,

електронска пошта и други системи за електронска размена на податоци.

За употреба на видот на средствата за електронска комуникација од став 2 на овој член, во комуникацијата меѓу наставникот и студентите, одлука донесува наставникот задолжен за реализирање на предметната програма, а за одржување седници на органите и телата на Факултетот, одлука донесува деканот, односно раководителот на органот.

**Проверка на знаењата**

**Член 4**

Се повлекува Одлуката за одржување вонредна испитна сесија во април донесена на третата седница на ННС од 25.2.2020 година.

**Член 5**

Полагањето испити, парцијални (односно колоквуми) и завршни, ќе се врши со примена на средства за електронска комуникација или на вообичаен начин во согласност со член 46, став 2 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, т.е. „по писмен и/или устен начин, како и на друг начин утврден со студиската програма“ (во понатамошниот текст: вообичаен начин).

За избраниот начин (вообичаен или со електронска комуникација) на реализирање на испитот, наставникот писмено, како PDF-документ и преку е-пошта, ги известува деканот и продеканот за настава, најдоцна до 20.4.2020 година.

Доколку полагањето испит, парцијален/колоквиум или завршен, се врши со примена на средства за електронска комуникација, наставникот задолжен за реализирање на предметната програма креира инструменти (прашалници, задачи, есеи и др.), и одговара за соодветноста на начините за идентификација и контрола, односно за регуларноста на испитот.

Полагањето испити, парцијални /колоквиуми и завршни, ќе се реализира на вообичаен начин доколку за тоа се создадат услови.

Доколку до 31.5.2020 година се оцени дека не се создадени услови и не се очекува во наредните 10 дена да се создадат услови за реализирање испити на вообичаен начин, дури и во случај наставникот задолжен за реализирање на предметната програма претходно да одлучил испитот да се реализира на таков начин, наставникот ќе ја промени одлуката и полагањето испити ќе се врши со примена на средства за електронска комуникација, за што ќе бидат соодветно и навремено известени студентите преку електронските средства за комуникација,односно е-пошта и iKnow.

**Член 6**

Летниот испитен рок ќе се одржи во периодот од 22.6.2020 до 17.7.2020 година. Деканот на Факултетот ќе изготви распоред за полагање испити во летниот испитен рок така што за секој предмет ќе бидат понудени по два термина, и тоа: првиот термин во периодот од 22.6.2020 до 3.7.2020 година и вториот термин во периодот од 6.7.2020 до 17.7.2020 година.

Во периодот од 22.6.2020 до 3.7.2020 година ќе се одржуваат парцијални испити (колоквиуми) по предметите за кои наставникот одлучил полагањето да се врши на вообичаен начин (доколку се создадат услови согласно со член 4), како и завршен испит по предмети за кои парцијалните испити (колоквиуми) биле веќе одржани во текот на семестарот, со примена на средства за електронска комуникација.

Покрај определените термини во распоредот, наставникот кој ќе одржува испити на вообичаен начин (доколку постојат услови согласно со член 4) во периодот од 22.6 до 3.7.2020 година е должен да биде достапен 5 работни дена заради полагање парцијални испити/колоквиуми (2 или повеќе согласно со предметната програма). За определените термини, наставникот по е-пошта ќе ги извести студентите кои го запишале предметот, Службата за студентски прашања и деканот на Факултетот.

Во периодот од 6.7.2020 до 17.7.2020 година ќе се одржуваат завршни испити.

Студентите имаат право на полагање на завршен испит само во еден термин во летната сесија за секој пријавен предмет.

За процедурата и термините за пријавување испити, студентите ќе бидат навремено известени по е-пошта и на веб-страницата на Факултетот.

**Оценување на студентите**

**Член 7**

Согласно со член 40 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, предмет на оценување во рамките на предметната програма можат да бидат:

- вежби/практична работа/теренска настава;
- семинарска работа;
- домашна работа;
- проекти;
- курсеви;
- есеи;
- уметнички настапи, уметничка наставна продукција и сл.;
- други активности предвидени со предметната програма.

Оценувањето на обемот и квалитетот на завршената работа по предметот се спроведува со примена на средства за електронска комуникација или на вообичаениот начин.

Доколку не се создадат услови за реализирање на теренската настава, предвидените поени за теренска настава по одделните предмети на студентите ќе им бидат доделени врз основа на реализирана дополнителна задача.

**Изработка на дипломска работа и магистерски и докторски труд**

**Член 8**

Роковите за изработка и поднесување на дипломска работа, како и магистерски и докторски труд, се запираат и не течат додека траат мерките.

**Одбрана на дипломска работа и магистерски труд**

**Член 9**

Одбраната на дипломски работи и на магистерски трудови се одлага до создавањето услови
за нејзино нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на дипломска работа и магистерски труд пред воведувањето на мерките, се продолжува до создавањето услови за нивно нормално одвивање.

**Одржување седници на органите на Факултетот**

**Член 10**

Седниците на органите на Факултетот ќе се одржуваат со примена на средствата за електронска комуникација од член 3 од оваа Одлука.

На седниците од став 1 на овој член не може да се гласа за точки за кои е предвидено тајно гласање, освен доколку средствата за електронска комуникација овозможуваат примена на стандардизирани/авторизирани технички решенија кои обезбедуваат контрола на тајноста и на точноста на резултатите од гласањето, за што одлука донесува органот кој треба да одлучува на седницата.

**Работа на домашни и меѓународни проекти**

**Член 11**

Работата на домашни и меѓународни проекти може да се врши доколку таа не е во спротивност со мерките.

Доколку видот на работата го дозволува тоа, таа може да се одвива со примена на средствата за електронска комуникација од член 3 од оваа Одлука.

**Издавање на дипломи и додатоци на дипломии одржување промоции**

**Член 12**

Се одложува постапката за издавање дипломи и додатоци на дипломи на студентите до повлекување на мерките,

освен за дипломи и додатоци на дипломи од итен карактер.

Промоциите на дипломираните студенти нема да се одржуваат до повлекувањето на мерките.

**Административни работи за потребите на студентите и на граѓаните**

**Член 13**

Пријавувањето на испити, заверувањето и запишувањето на семестар, поднесувањето и одговарањето на барања, молби и сл., издавањето потврди и други услуги за потребите на студентите и граѓаните ќе се вршат електронски.

**Електронска комуникација**

**Член 14**

Факултетот, на својата интернет-страница, ги објавува електронските механизми (адресите на сандачињата за е-пошта и/или други начини) преку кои се врши комуникацијата, како и приемот и издавањето на документацијата на студентите и на другите граѓани.

Документацијата која ја издава Факултетот се издава потпишана електронски или во материјална форма и скенирана се враќа на барателот. Оригинал се издава доколку издадениот документ барателот треба да го приложи во друга институција, а институцијата го бара тоа.

**Работа на Стручната и административна служба**

**Член 15**

Вработените во Стручната и административна служба на Факултетот, по правило, ќе работат од дома.

Работните задолженија треба да се извршуваат со највисок квалитет.

Дел од работните задачи кои не можат да се извршуваат од дома, ќе се извршуваат со доаѓање на работа, почитувајќи ги мерките.

Контактите со странки се сведуваат на минимум, применувајќи ги мерките за заштита (соодветно растојание, употреба на заштитни маски и ракавици, средства за дезинфекција и др.).

**Грижа за имотот, негово осигурување и мерки за тековно и инвестициско одржување на објектите и имотот**

**Член 16**

Грижата за имотот, неговото осигурување и мерките за тековно и инвестициско одржување на објектите и имотот на Факултетот ќе се остваруваат во рамките на мерките.

**Други дејности**

**Член 17**

Другите дејности кои не можат да се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација од член 3 од оваа Одлука, се одложуваат до создавањето на услови за нивно нормално одвивање.

**Одлуки на Факултетот**

**Член 18**

Доколку на Факултетот не постојат финансиски, технички и организациски услови, како и услови кои произлегуваат од расположливите човечки ресурси и наставничкиот и соработничкиот кадар за реализација на предавањата и другите наставни и ненаставни активности со примена на средствата за електронска комуникација, деканот има право на друг начин да ги уреди прашањата поврзани со нивната реализација согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Важење на оваа Одлука**

**Член 19**

Оваа Одлука ќе се применува додека траат мерките.

Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

**Влегување во сила**

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното изгласување.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Кирил Сотировски, с.р**